СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 46. седница**
**27.5.2020 година**
**Точка на дневен ред бр. 5-2**

# ОДЛУКА

**за усвојување на финансиските извештаи
на Стопанска банка а.д. Битола за 2019 година,
ревидирани од Друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје
и на Мислењето од Надзорниот одбор за извештаите на независниот ревизор
за извршената ревизија на финансиските извештаи
на Стопанска банка а.д. Битола за 2019 година**

**Битола, 2020 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска Банка а.д. Битола, СО бр. 02-9782/1/II-9 од 29.5.2019 година (пречистен текст), Собранието на Стопанска Банка а.д. Битола, на својата 46. седница одржана на ден 27.5.2020 година, донесе:

# ОДЛУКА

## Член 1

СЕ УСВОЈУВААТ финансиските извештаи на Стопанска Банка а.д. Битола за 2019 година, составени од Биланс на состојба на ден 31.12.2019 година и Биланс на успех, Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за промените на капиталот, Извештај за паричните текови за годината завршена на 31.12.2019 година и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија и финансиските извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, ревидирани од страна на Друштвото за ревизија „Мур Стивенс" ДОО Скопје.

СЕ УСВОЈУВА Мислењето на Надзорниот одбор за извештаите на независниот ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2019 година.

## Член 2

Усвоените финансиски извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2019 година, ревидирани од страна на Друштвото за ревизија „Мур Стивенс" ДОО Скопје според регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија и според Меѓународните стандарди за финансиско известување, и Мислењето за извештаите од Надзорниот одбор на Банката, се составен дел од оваа Одлука.

## Член 3

Одлуката влегува во сила на денот на усвојување од страна на Собранието на акционери.

СО бр.02-10604/1/II-5-2
Битола, 27.5.2020 година

Стопанска банка а.д. Битола
Собрание на акционери

Претседавач

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА